# Упатство за водење на Педагошка евиденција за воннаставни активности

За развивање на различните интереси на учениците, според член 41 од Законот за основно образование, основното училиште организира воннаставни активности согласно со Концепцијата за воннаставни активности, која на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврдува министерот за образование и наука. Учениците во воннаставните активности се вклучуваат доброволно.

Воннаставните активности кои ги реализира основното училиште се определуваат со годишната програма за работа на училиштето.

**Педагошка евиденција за воннаставни активности**, како образец за педагошката документација и евиденција во основните училишта е поставена на веб страницата на Бирото за развој на образованието (www.bro.gov.mk), Издавачка дејност, Педагошка документација и евиденција) како ворд документ. Одделенскиот или предметниот наставник **Педагошката евиденција за воннаставни активности** (образец број 15) ја води **електронски** во текот на целата учебна година.

Наставникот најпрвин ја пополнува насловната страница на образецот **Педагошка евиденција за воннаставни активности** (го запишува името на основното училиште, местото и општината во која се наоѓа училиштето, учебната година за која се води **Педагошката евиденција за воннаставни активности,** го внесува своето име и презиме и го запишува датумот кога започнал да го пополнува документот). На страницата 1 наставникот го внесува временскиот период во текот на учебната година во кој треба да се реализира воннаставната активност, предвидениот/те ден/денови во неделата, како и времето во текот на денот кога треба да се реализира воннаставната активност.

Во рамките на *Основни податоци за воннаставната активност* наставникот ја запишува воннаставната активност; планираниот број на ученици и од кои паралелки се тие ученици кои ќе учествуваат во воннаставната активност; целите; начинот на реализација; начинот на вреднувањето; начинот на користење на резултатите како и потребните средства/ресурси за реализација на воннаставната активност.

Во делот *Годишен план и програма на воннаставната активност* во колоната реден број се означува со 1 бројот на првата воннаставната активност (доколку

наставникот планира да реализира повеќе вонnаставни активности во текот на наставната година). Под реден број 2, 3.. се внесуваат податоците за втората, третата... вонnаставна активност  што се планираат до крајот на наставната година. Во втората колона се внесува содржината на конкретната вонnаставна активност (општо), во следната колона се запишува бројот на планираните часови за да се реализира таа содржина, а во последната колона се внесува името и презимето на други наставници или други стручни лица кои се планира да се вклучат во реализацијата на вонnаставната активност (доколку наставникот сам ја реализира вонnаставната активност, оваа колона не се пополнува).

Во рамките на *Евиденција на реализираните часови на вонnаставната активност* се внесува: редниот број на конкретната активност, датумот на реализација, содржината на конкретната активност, името и презимето на реализаторот/реализаторите на конкретната активност и забелешка (одржана конкретната активност, ако не е одржана кои се причините за неодржувањето, ако е презакажана, за кој датум е презакажана и сл.). Евиденцијата се пополнува по реализацијата на конкретната активност.

Во делот *Список на учениците вклучени во вонnаставната активност и преглед на нивната редовност* се запишува редниот број на ученикот/ученичката, името и презимето на ученикот/ученичката кој/а треба да биде вклучен/а во конкретната вонnаставна активност, во која паралелка е запишан/а тој/таа ученик/ученичка, на кој датум не бил/а присутен/а ученикот/ученичката и колку вкупно изостаноци има секој/а ученик/ученичка на крајот од вонnаставната активност.

Во делот *Следење и вреднување на учеството, ангажираноста и напредувањето на нивоата на постигања на ученикот/ученичката во вонnаставната активност* се внесуваат, на крајот на вонnаставната активност, следниве податоци: истиот реден број на ученикот/ученичката од делот *Список на учениците вклучени во вонnаставната активност и преглед на нивната редовност*; името и презимето на ученикот/ученичката кој/а бил/а вклучен/а во конкретната вонnаставна активност; во која паралелка е запишан/а тој/таа ученик/ученичка; компонентите според кои наставникот ги следел и ги утврдил постигањата на секој/а ученик/ученичка (освен внесените компоненти во образецот наставникот ги внесува и другите компоненти на следењето и постигањата доколку ги користел); конкретното ниво на постигањата на ученикот/ученичката (според компонентите на следењето и постигањата) означено како  I  или II  или  III   (III е највисокото ниво на постигања; во колоната БЕЛЕШКИ

наставникот ги внесува поважните резултати постигнати од ученикот/ученичката, препораките и другите согледувања за ученикот/ученичката во врска со вонннаставната активност во која учествувал/а (на крајот од реализацијата на вонннаставната активност).

Наставникот во образецот на педагошката документација **Додаток на свидетелство** за ученикот/ученичката вклучен во вонннаставната активност го внесува нивото на постигањата на тој/таа ученик/ученичка и целиот текст запишан во колоната БЕЛЕШКИ од **Педагошката евиденција за вонннаставни активности.** Потсетуваме дека на крајот на оваа учебна 2020/2021 година нема да се издава Додатокот на свидетелство.

Делот *Анализа на успешност на вонннаставната активност* се пополнува на крајот на наставната година, каде за секоја реализирана вонннаставна активност се внесува општо: кои се заклучоците, колку успешно се реализирани поставените цели, како и евентуалните предлози за подобрување на планирањето и реализацијата на вонннаставната активност. Текстот од *Анализата на успешност на вонннаставната активност* и од *Статистичките податоци за вонннаставната активност* (колку вкупно ученици учествувале во секоја вонннаставна активност, што од Годишниот план и програма на вонннаставната активност е реализирано, а што не е реализирано) ќе биде искористен за изработка на Годишниот извештај за работа на конкретното основно училиште.

**Педагошката евиденција за вонннаставната активност** што ја водел одделенскиот или предметниот наставник електронски во текот на наставната година, на крајот на наставната година се печати, хартиениот примерок се заведува со архивски број и наставникот го предава на директорот на основното училиште. Архивскиот број под кој е заверен документот **Педагошката евиденција за вонннаставната активност** се внесува во **Дневникот на паралелката**, делот *Евиденција на вонннаставните активности*, доколку ученици од конкретната паралелка учествувале во конкретната вонннаставна активност.

ПРИЛОГ 1

**Пример за пополнување на табелата:** ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ВОННАСТАВНАТА АКТИВНОСТ

| | |
|---|---|
| **Воннаставна активност** | Драмско-сценски клуб |
| **Планиран број на ученици и од кои паралелки** | 10 ученици од различни паралелки |
| **Цели** | Негување на интересот за драмско-сценското изразување.<br>Поттикнување и развивање на правилен говор на учениците.<br>Развивање на двонасочната комуникација (глумец-режисер).<br>Развивање на емоционалното и естетското доживување на светот на ученикот/ученичката.<br>Негување на односот кон тимската работа.<br>Поттикнување на учениците за креативно изразувње и осмислување на креативен процес. |
| **Начин на реализација** | Применување на метода на објаснување, работа со текст.<br>Следење на театарски претстави.<br>Разговор со глумци, режисер.<br>Настапи во училиштето за потребите на самото училиште.<br>Настапи на меѓуучилишни средби, општински, регионални и државни натпревари итн. |
| **Начин на вреднување** | Постигнат успех на средбите и пласман на натпреварите. |
| **Начин на користење на резултатите** | Наградување на учениците за постигнатите резултати (со оценка, пофалби).<br>Негување на говорното и драмското |

| | |
|---|---|
| | изразување, промоција на училиштето, настапување на училишните приредби. |
| **Потребни средства** | Средства за патување на настапи надвор од местото на живеење.<br>Средствата ќе бидат обезбедени од буџетот на општината. |

ПРИЛОГ 2

**Пример за пополнување на табелата:** ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ВОННАСТАВНАТА АКТИВНОСТ

| | |
|---|---|
| **Воннаставна активност** | Секција по географија |
| **Планиран број на ученици и од кои паралелки** | 15 ученици од различни паралелки |
| **Цели** | Задоволување на интересот на учениците за проширување и продлабочување на знаењата од областа на географија.<br>Разбирање на темелните географски поими и усвојување на додатни географски знаења и вештини.<br>Развивање на картографската писменост, дигитални, статистички, математички и други вештини што се неопходни за стекнување практични географски знаења и способности.<br>Совладување на географските вештини во корелација со сродни предмети. |
| **Начин на реализација** | Проучување на додатна литература.<br>Читање стручни текстови и географски карти.<br>Применување на метода на објаснување, работа со текст, решавање тестови и анализа на решенијата.<br>Изработка на индивидуални и групни |

| | |
|---|---|
| | проекти.<br>Примена на соработничкото учење, како и на активни методи на поучување и учење. (пр.метода на решавање проблеми....).<br>Ќе се користи формата за работа во мали групи, во парови и индивидуална работа. |
| **Начин на вреднување** | Наградување на учениците за постигнатите резултати (со оценка, пофалби). |
| **Начин на користење на резултатите** | Анализа на постигнатите резултати со цел да се подобри квалитетот на наставата .<br>Резултатите од вреднувањето на успешноста на секцијата по географија ќе се користат како елемент при вреднувањето на резултатите по конкретниот наставен предмет, како и при вкупното вреднување на постигањата на основното училиште. |
| **Потребни средства/ресурси** | / |